**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6294 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај

3. **Период опфатен со надзорот**: од 5 до 7 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 8 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај, емитуван на 5 и на 7 декември 2016 година, на регионално ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии на власт.

Во реалниот час од 17:00 до 18:00, на 5 декември 2016 година, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 30 секунди. На 7 декември 2016 година, во реалниот час од 10:00 до 11:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 31 секунда. Во реалниот час од 11:00 до 12:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии на власт, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 43 секунди.

**5.12.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 17:35:56 – 17:43:00<br>17:53:16 – 17:54:42 | 00:07:04<br>00:01:26 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. |
| **Вкупно:** | **00:08:30** | |

**7.12.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 10:27:36 – 10:36:07 | **00:08:31** | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др |
| 11:08:46 – 11:17:29 | **00:08:43** | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др |

***Сектор за програмски работи***